Влада на Република Северна Македонија

Стратегија за градење отпорност и справување со хибридни закани

Април 2021

СОДРЖИНА

1. Вовед

Современата безбедносна слика се карактеризира со комплексни закани, кои суштински се изменети од периодот пред две децении. Закани од напад со конвенционално оружје се малку веројатни, но паралелно е зголемена опасноста од напади со неконвенционални средства. Од таа причина, потребно е да се прошири разбирањето и визијата за одбрана на општеството преку препознавање на современиот спектар на закани. Секое современо општество треба да изгради ефикасен концепт за справување со низа предизвици како што се тероризмот, насилниот екстремизам и радикализам, пролиферацијата на оружје, прекинот во снабдувањето со енергија, како и одбрана од сајбер и хибридни закани. Оттука, секоја земја треба да биде способна за приспособување кон непредвидливата, комплексна и променлива безбедносна реалност.

Заканите доаѓаат од државни и недржавни актери кои сè повеќе користат механизми на „мека“ моќ (политички, економски, информациски), за да ги ослабнат институциите, економиите и општествата и да ја загрозат нивната безбедност. Земајќи го предвид фактот дека современите закани имаат комплексна содржина, се наметнува и потребата од одговор на целокупното општество. Тоа подразбира потреба од градење на национални капацитети за унапредување на отпорноста кон овие закани преку поширок, поинтегриран и подобро координиран пристап на национално ниво.

Како членка на НАТО, Република Северна Македонија има обврска да ја зголеми националната отпорност кон целиот спектар закани и да ги имплементира т.н. седум основни потреби/побарувања за национална отпорност[1]. Овие потреби се поставени за поддршка на трите основни функции на цивилната подготвеност:

- континуитет на власта,
- континуитет на основните услуги за населението,
- цивилна поддршка на армијата.

[1] PO(2020)0189

Покрај обврската за колективна одбрана, Република Северна Македонија, како НАТО членка, има обврска да гради и да одржува адекватна цивилна подготвеност и отпорност. Градењето отпорност е во согласност со членот 3 од Северноатлантскиот договор, односно со обврската за колективно и индивидуално развивање на капацитети за одговор на каква било форма на закана или криза.

Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани е документ кој треба да резултира со создавање национална способност за успешно справување со повеќеслојни закани или кризи, кои имаат цел да го загрозат нашето општество и демократските вредности, и да го дестабилизираат функционирањето на државните институции. Целта на оваа стратегија е создавање заедничка свест за природата на хибридните закани, мапирање на обврските и носителите, идентификување на начините за делување, како и креирање ресурси за градење национална отпорност[2] со ангажирање на целокупното општество (whole – of – society approach). Тоа подразбира и изградба на општество подготвено за рана детекција, за одговор и брзо заздравување, со учество на сите релевантни чинители.

Брзината, обемот и интензитетот на хибридните закани е зголемен последните години. Затоа, отпорноста, превенцијата и подготвеноста за одговор на хибридните закани е врвен приоритет за нашата земја.

Дополнително, Република Северна Македонија треба да создаде процена за глобалните стратешки трендови, во кои ќе ја дефинира улогата на државата во светот, прецизно и според приоритет ќе ги одреди заканите за националната безбедност, земајќи ги предвид ефектите од климатските промени, како и развојот на нови технологии, урбанизацијата, геополитичките промени, загадувањето на животната средина, демографските промени и други фактори.

[2] капацитет за брзо справување со штетни последици

2. Хибридните закани како концепт

2.1. Дефинирање на хибридните закани

Првиот чекор во градењето отпорност и при справувањето со хибридните закани е дефинирање и теоретско определување на оваа безбедносна закана. Поимот „хибридна закана“ се однесува на комбинација од злонамерни и субверзивни активности, конвенционални и неконвенционални методи (дипломатски, воени, економски, технолошки), кои се употребени на координиран начин од државни или недржавни субјекти за постигнување на специфицирани цели[3]. Овие дејства се координирани, синхронзирани и се насочени кон ранливостите[4], односно слабите страни на избраната цел. Тие можат да бидат насочени кон кој било домен од општеството - политички, економски, воен, цивилен или информациски/информативен. Притоа се користи широк спектар на средства, дизајнирани да останат недетектирани.

Хибридните закани претставуваат комбинација од воени и невоени средства, вклучувајќи дезинформации, сајбер-напади, економски притисок, употреба и распоредување на нерегуларни вооружени групи, како и употреба на регуларни воени сили. Интензитетот на хибридните закани постојано се менува, како и нивниот размер и брзина. Затоа, дефиницијата за хибридните закани треба да се гледа широко и флексибилно, за да може да одговори на нивната еволутивна природа.

2.2. Хибридни методи и инструменти

Хибридната закана не е нов стратегиски концепт, туку е иновација заснована на користење нови технологии и модифицирани концепти. Методите кои се користеле во минатато, како саботажа, пропаганда или други невоени тактики, добиваат ново значење како резултат на развојот

[3] Во ЕУ доминантно се користи терминот „хибридни закани“, додека во НАТО е позастапено користењето на терминот „хибридно војување“, а од страна на Руската Федерација, се користат термините „обоени револуции“ и „хибридна војна“. Во сите случаи, станува збор за истата закана кон националната безбедност.

[4] Квалитативна карактеристика на државата, која одразува колкава е веројатноста да биде нападната или да ѝ се нанесе штета

на технологијата. Дигиталната ера и глобализацијата ја зголемија моќта на овие методи, со што се зголемија брзината, интензитетот и обемот на нивното дејство.

Хибридното војување не е официјално прифатен метод за остварување на целите, туку начин да се избегне конвенционална војна и целта да се постигне со користење неконвенционални методи кои ќе влијаат негативно врз финансиите, политиката, економијата, безбедноста и социјалното ткиво на едно општество. Користењето воена сила во хибридното војување е крајно средство и по можност се избегнува. Доколку се користи воена сила, земјата агресор може да користи прокси, т.е. нерегуларни сили, што овозможува негирање за директна вмешаност во насилството од страна на државата агресор.

Клучни во хибридните закани се **цивилните инструменти на моќ**. Хибридната закана го нагласува апстрактното боиште во кое напаѓачот се обидува да ја еродира социокултурната кохезија на таргетираната цел. Во тие рамки се експлоатираат ранливостите предизвикани од социокултурните промени, а за остварување на влијанието често се користи влијателноста на граѓанскиот сектор. Според тоа, Република Северна Македонија треба да ја заштити социокултурната кохезија на граѓаните на земјата и да го менаџира влијанието на странските владини и невладини организации, посебно на оние кои потекнуваат од држави кои не се членки на ЕУ и НАТО.

Значаен метод кој се користи во хибридната закана, преку користење на цивилните инструменти на моќ, е **ширењето идеологии и злоупотреба на културата** за остварување на саканото влијание. Идеологиите и користењето на културните вредности се користат за наметнување свест кај индивидуите, со цел промена на нивните политичко-идеолошки и културни ставови и предизвикување натамошно ширење на таквото влијание во таргетираното општество. Таков е случајот со Руската Федерација, која има развиено алатки за влијание врз граѓанското општество преку државно спонзорирани организации кои имаат цел промоција на руските идеи и култура. Таквите влијанија имаат цел да создадат критична група на лица која може да биде искористена за давање отпор на воспоставените демократски вредности и за демонстрации против власта, во одбран момент. Затоа, способноста на Република Северна Македонија да ги идентификува, превенира и неутрализира таквите идеологии наметнати од трети страни, треба да бидат клучната способност при справувањето со хибридни закани.

Важен елемент на хибридната закана е користењето **економски инструменти на моќ**.

Економските инструменти вклучуваат странски директни инвестиции, кредити со ниски камати, финансирање културни настани, финансирање политички партии, како и финансирање радио и ТВ станици и енергетски мрежи. Економски инструмент на хибридна закана е и корупцијата. **Корупцијата** овозможува директен пристап до чувствителни информации за генерирање компромитирачки материјал и поткопување на авторитетот на политичкото лидерство, како и за заплашување на критичарите на напаѓачот. Воедно, корупцијата овозможува финансирање на политички партии и незадоволни групи кои може да бидат искористени за остварување на целите на напаѓачот. Тоа укажува дека Република Северна Македонија треба да поседува механизми за контрола на финансирање на политичките партии и медиуми, контрола на странските директни инвестиции, како и ефективна борба против корупцијата, поддржана со соодветна регулатива. Со поседување на овие механизами ќе се намали ранливоста од хибридни закани, посебно во економскиот сектор.

Еден од методите кој може да се искористи за влијание врз економијата и информативниот сектор, како и другите клучни сектори на една држава, е **злоупотреба на сајбер-просторот** од страна на недржавни и, пред сè, државни актери. Сајбер-нападите против банкарскиот, енергетскиот и транспортниот сектор на Украина во 2017 година, покажаа дека безбедноста во сајбер-просторот е клучна за стабилноста на земјата. Затоа, зголемувањето на сајбер безбедноста на државните институции и заштитата на критичната инфраструктура се клучни цели на Република Северна Македонија.

Хибридната закана е со големи можности за делување, пред сè во информативниот сектор. Можеби највидлива метода на хибридната закана е употребата на **инструменти во информативниот сектор**. Информативните операции[5] може да бидат користени за директен напад врз власта, да го креираат јавното мислење и да влијаат на намалување на волјата да се даде отпор. Овие операции се посебно фокусирани кон политичката елита и граѓанскиот сектор, а се синхронизирани со политичките, економските, воените и дипломатските активности на субјектот кој ја креира хибридната закана. Информативните операции вклучуваат користење медиуми, „ботови“ и „тролови“ на социјалните мрежи, но и методи со пласирање лажни научни теории во јавноста, парадигми, концепти и стратегии кои влијаат врз државната администрација, во насока за намалување на потенцијалот за национална одбрана. Лажните вести т.е. свесното занемарување на фактите или нивно „спинување“, мешајќи ја вистината со лага, креираат состојба погодна за непријателски информативни активности. Справувањето со таквите информативни операции бара

[5] information operations

висока граѓанска свест и способност за креирање критичко мислење, со што би се зголемила отпорноста кон информативните инструменти на хибридните операции. За справување со информативните операции, Република Северна Македонија треба да има потенцијал и капацитети да ги детектира непријателските извори на пропаганда, дезинформации и лажни вести, за да може ефикасно да ги неутрализира нивните негативни ефекти.

Разбирајќи ја комплексноста на хибридните закани, како и потребата за адаптација и намалување на степенот на ранливост, Република Северна Македонија треба да ја зголеми способноста и капацитетите за одговор на истите.

2.3. Основа за градење отпорност и справување со хибридните закани во Република Северна Македонија

Во 2019 година, во соработка со Европската служба за надворешно дејствување (EEAS[6]), беше иницира процес на истражување на ранливоста на Република Северна Македонија од хибридни закани, во согласност со Заедничката рамка на ЕУ за справување со хибридни закани од 2016 година. [7]Владата на Република Северна Македонија формираше Работна група за градење отпорност од хибридни закани и ризици, која спроведе истражување за утврдување на способноста и капацитетите на национално ниво за детекција на хибридни закани, отпорност на истите и способност за справување со последиците. Според резултатите од спроведеното национално истражување, ЕУ достави препораки за унапредување на отпорноста на хибридни закани на Република Северна Македонија, кои беа прифатени од страна на Владата на Република Северна Македонија. Прв чекор за нивна имплементација е изработката на Стратегија за градење национална отпорност и справување со хибридни закани.

Во 2020 година ЕУ донесе нова Стратегија за безбедносна унија (EU Security Union Strategy) за периодот од 2020 до 2025 година, која дава насоки за зајакнување на безбедноста, преку превенирање и детектирање на хибридните закани. Воедно, ЕУ Стратегијата ги опишува и алатките и мерките за остварување на оваа цел. Сеопфатниот пристап на ЕУ во справувањето со хибридни закани, како и воспоставената ЕУ–НАТО соработката во областа на хибридните закани[8],

[6] European External Action Service
[7] Joint Framework on countering hybrid threats
[8] EU-NATO Joint Declaration (2016 and 2018)

сајбер-одбраната и градењето на капацитети, се земени предвид и при развојот на оваа национална Стратегија.

Во рамките на НАТО, во 2016 година се дефинирани насоките за градење отпорност, како и критериуми за евалуација, за поддршка на седумте основни потреби/побарувања за градење национална отпорност[9]. Како резултат на научените лекции од справувањето со пандемијата на COVID – 19, во 2020 година министрите за одбрана на НАТО одобрија ревидиран документ во кој се вградени истите. Воедно, ревидираниот документ го зема предвид и потенцијалното влијание на новите технологии, како 5Г, но и странските директни инвестиции. Оваа рамка е основа за развојот на оваа стратегија.

> Земјите членки на НАТО треба да градат капцитети за отпорност на хибридни закани, како дел од обврската за колективна одбрана.

Потврда за тоа дека справувањето со хибридните закани е високо на безбедносната агенда на Алијансата, е и фактот дека во согласност со Деклрацијата од Самитот во Варшава (2016), во случај на хибридна закана на една земја членки, НАТО може да побара активирање на членот 5 од Вашингтонскиот договор. Според тоа, земјите членки на НАТО треба да градат капацитети за отпорност од хибридните закани како дел од обврската за колективната одбрана. Отпорноста е фундаментален елемент на концептот на НАТО за одвраќање и одбрана.

Активностите и научените лекции на ЕУ и НАТО даваат основа за креирање рамка за унапредување на отпорноста на хибридни закани на национално ниво. Република Северна Македонија е во позиција да ги користи научените лекции, да соработува, како и да придонесува во сите релевантни активности на ЕУ и НАТО поврзани со хибридните закани, како стратегиски комуникации, разузнавање, сајбер-безбедност, ХБРН одбрана, заштита на изборни процеси и академски истражувања, преку соработка со безбедносно-одбранбените структури на двете организации. Дополнително, Република Северна Македонија ќе ги користи и капацитетите за обука како НАТО центарот за извонредност за сајбер-одбрана[10], ЕУ центарот за извонредност за хибридни закани[11], НАТО центарот на извонредност за стратегиски комуникации[12], а ќе соработува и со НАТО експерти за поддршка во борбата против хибридните закани.

[9] Seven Baseline Requirements for National Resilience
10 NATO Cooperative Cyber Defence Centre of Excellence
11 European Centre of Excellence for Countering Hybrid Threats
[12] NATO STRATCOM Centre of Excellence

3. Цели и ефекти кои треба да се постигнат

3.1. Цели на Стратегијата

Целта на оваа стратегија е **создавање национална отпорност, како и ефикасно и ефективно справување со хибридни закани**. За да ја постигне оваа цел, Стратегијата е насочена кон создавање способност за детекција и намалување на ранливоста од хибридни закани, истовремено настојувајќи да ја зголеми способноста за одговор, во согласност со воспоставената рамка од НАТО и ЕУ. Активностите на државата ќе бидат поделени во шест области на оперативни активности.

3.2 Оперативни области

3.3 Цели во оперативните области

Првата област на оперативни активности е во сферата на политиката. Клучен ефект кој треба да се постигне во оваа област е континуитет на власта. За таа цел ќе се изгради систем за рано предупредување и известување за евентуални закани, како и идентифукување и подготовка на клучниот персонал. Исто така, ќе се обезбеди ефикасен систем за управување со кризи во поддршка на владините активности во време на криза, со резервни капацитети за независно функционирање за период од еден месец, како и безбедни комуникациски врски.

Воедно, во рамките на оваа област ќе се обезбеди заштита и на изборниот процес од хибридни закани, непријателски сајбер-активности, информативни операции спроведувани од други државни и недржавни субјекти и финансирање на политички партии, политичари и невладини организации од страна на надворешни, непријателски фактори. За ефикасно постигнување на оваа цел, националните носители ќе ги користат научените лекции и експертиза од НАТО и ЕУ.

Втора област на оперативни активности е развојот на економијата и поволна бизнис клима. Ефектот кој треба да се постигне во оваа област е воспоставување функционален механизам за справување со ризици поврзани со странски директни инвестиции. Создавањето услови за развој на домашното стопанство дополнително треба да постигне значајна трговска и енергетска независност. Креирањето услови за дигитална економија ќе овозможи конкурентност на домашните компании на пазарите во светот, особено на ЕУ пазарот, како и отворање нови работни места и нивна брза трансформација на промените на пазарот. Суштинска активност во оваа област е борбата против корупцијата.

Трета област на оперативни активности се воените и безбедносни сили и институции т.е одбранбено-безбедносниот сектор. Во оваа област клучно е креирањето способност на воено-безбедносните сили и на капацитетите за управување и поддршка во услови на кризи, со цел зголемување на отпорноста на општеството за справување со хибридни закани. Фактот дека при хибридна закана е минимизирана употребата на конвенционалните вооружени сили, упатува на потребата од континуирано унапредување на одбранбено-безбедносните механизми. Во таа насока потребно е да се постигне висока способност за справување со повеќе истовремени напади врз цивилни и воени цели, способност за воспоставување ефикасен механизам за безбедност на ресурсите со храна и вода, справување со неконтролирано движење на значителен број луѓе и справување со инциденти кои резултирале со голем број жртви. Дополнително, разузнавачките

субјекти на Република Северна Македонија треба да одржуваат континуирана меѓусебна соработка и соработка со разузнавачките институции на ЕУ и НАТО, одговорни за процена на хибридните закани.

Безбедноста при хибридни закани ја опфаќа и безбедноста на јавното здравје, кое може да биде загрозено преку преносливи болести или преку контаминација на храна, почва, воздух и вода со хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни агенси. Намерното ширење на епидемиолошки заболувања може значително да ја загрози безбедноста на храната и да има далекосежни неповолни економски ефекти. За справување со вакви закани, членките на ЕУ се поврзани преку Систем за рано предупредување и одговор[13]. Дополнително, во областа на безбедноста на храна, членките на ЕУ разменуваат информации и анализи преку Итниот систем за предупредување за храна и храна на животните[14] и Заедничкиот систем за менаџмент на ризик за царини[15]. Следствено, Република Северна Македонија ќе развива национални способности за заштита на јавното здравје од хибридни закани и ќе воспостави ефективна соработка со институците на ЕУ во оваа област.

Четврта област на оперативни активности е граѓанското општество. Всушност, хибридната војна е дизајнирана за постигнување општествени поделби и предизвикување немири за соборување на власта, пред сè, преку дезинформативни и психолошки операции. Затоа, потребно е создавање на способност за критичка свест и медиумска писменост кај граѓаните на Република Северна Македонија. Друга состојба која треба да се постигне во граѓанскиот сектор е постигнување високо ниво на меѓуетничка и меѓуверска толеранција.

Петта област на оперативни активности е информативниот сектор. Клучен ефект потребен за справување со хибридни закани во овој сектор е создавање способност за детекција на дезинформативни и психолошки операции, како и способност за справување со интернет „тролови" и користење вештачка интелигенција во процесот на ширење лажни вести и дезинформации. Еден од ефектите кој треба да се постигне е создавање постојан и ефективен систем за стратегиска комуникација, директно воден од Владата на Република Северна Македонија, а во соработка со други релевантни државни институции. Дополнително, треба да се постигне состојба во која јавниот радиодифузен сервис ќе спроведува плански активности за

[13] Early Warning and Response System
[14] Rapid Alert System for Food and Feed
[15] Common Risk Management System for customs

справување со лажните вести и дезинформации. Воедно, државата ќе ги поддржува здруженијата на граѓани кои се активни во справувањето со дезинформации.

Шеста област на оперативни активности е заштитата на критична инфраструктура на Република Северна Македонија. Прв ефект кој треба да се постигне е донесување законско решение со кое ќе се детерминира критичната инфраструктура, како и донесување регулативи за нејзина заштита. Во овој контекст, регулативите на ЕУ и НАТО ќе бидат рамка за идните активности на Република Северна Македонија во детерминирањето и обезбедувањето на критичната инфраструктура.

Друг суштински елемент за справување со хибридните закани, поврзан со критичната инфраструктура, е диверзификацијата на изворите на енергија и снабдувачите. За ова да се постигне потребно е поседување инфраструктура која ќе овозможи високо ниво на енергетска независност на Република Северна Македонија од индивидуални надворешни снабдувачи на енергија. Истиот концепт на избегнување зависност треба да се користи и во однос на инфраструктурата заснована на нови технологии како мобилната, интернет и сателитската комуникација. Република Северна Македонија, во однос на одредувањето на критичната инфраструктура и планирањето на нејзината безбедност, ќе го има предвид технолошкиот развој и влијанието на нови високи технологии.

Република Северна Македонија треба да создаде безбедна сообраќајна инфраструктура, сигурни енергетски извори и транспорт, телекомуникациска мрежа, стабилен здравствен и социјален систем, независни медиуми и економско-финансиски систем, како базичен дел од критичната инфраструктура, бидејќи комплексноста на хибридните закани бара целосна вклученост на сите институционални чинители во системот на национална безбедност.

Цел: Создавање национална отпорност, како и ефикасно и ефективно справување со хибридни закани	
Област на оперативни активности	Цели кои треба да се постигнат
1. Политика	1.1 Континуитет на Владата и на критичните владини служби Донесување формализиран план за континуирана и координирана работа на Владата во кој се регулирани: - пренос на авторитет и јасен процес на донесување одлуки, во случај на криза, - селекција и приоритизација на критични владини агенции, основни услуги и задолжителни функции за поддршка на воените активности, како обезбедување и достава на храна, вода, гориво, електрична енергија, греење, транспорт, специјални средства и опрема за медицинска/фармацевтска/лична заштита, - селекција и обука на клучен цивилен персонал (од Владата и провајдерите на критични услуги) и релевантен воен персонал, - периодични тестирања на системи за комуникациско-информатички технологии, засолништа и стокови резерви, како и проверка на договорите за снабдување од приватни субјекти.
	1.2 Национална структура за кризен менаџмент во поддршка на владините активности за време на криза, со резервни капацитети за независно функционирање за период од еден месец, како генератори за електрична енергија, храна, вода, комуникации, ХБРН колективна заштита и сл.
	1.3 Заштитен изборен процес

2. Економија[16]	2.1 Контрола на странските директни инвестиции во согласност со научените лекции и практики во ЕУ
3. Воени и безбедносни сили и капацитети	3.1 Способност за борба против нерегуларни вооружени сили
	3.2 Способност за сајбер-одбрана од комплексни сајбер-напади
	3.3 Способност за истовремено справување со неколку инциденти кои вклучуваат употреба на нуклеарно, хемиско, биолошко и радиолошко (ХБРН) оружје
	3.4 Воспоставување соработка со институциите на ЕУ и НАТО, наменети за справување со хибридни закани
	3.5 Справување со неконтролирано движење на луѓе - донесени се национални планови за справување со брзо и масовно движење на луѓе, кое опфаќа над 2% од популацијата на државата, - донесен е план и извежбување (преку симулација) за справување со движење на цивили долж рута за транспорт на која се движат воени сили (подразбира постоење механизам за приоритизација на движење и поддршка на цивилите).
	3.6 Способност за справување со масовни жртви - воспоставување интегриран систем за предупредување и известување кој ќе добива релевантни информации од НАТО и ЕУ, со цел да ја предупредува популацијата и да ги алармира националните провајдери на услуги, операторите на критичната инфраструктура, - креирање сеопфатна база на податоци за воени и цивилни медицински средства, капацитет за сместување пациенти, средства за колективна заштита, средства за транспорт на настрадани и способности за

[16] Стратегијата подразбира исполнување на Националната стратегија за спречување на корупција и на судирот на интереси 2021-2025

	евакуација, - донесување цивилно-воен план за вонредни ситуации кој ги опфаќа релевантните услуги за итна помош, механизми за нагло зголемување на способностите, како и за редовно одржување вежби, - сеопфатен план за национална безбедност на медицински контрамерки, во кој се земени предвид ранливостите и предизвиците поврзани со снабдувањето.
	3.7 Отпорност на ресурсите за храна и вода - воспоставен систем за мониторинг, детекција, тестирање и известување за контаминација на изворите и клучната инфраструктура за снабдување со храна и вода, - донесен е сеопфатен план во кој се регулира снабдување преку алтернативни извори за храна и вода, - онесен е сеопфатен план кој ги идентификува клучните функции, клучната работна рака, експерти, клучни материјали, договори, потребна меѓуресорска соработка и ги зема предвид странските директни инвестиции/сопственост/контрола на клучни јазли и ресурси, со цел обезбедување континуирано снабдување со храна и вода.
4. Граѓанско општество	4.1 Остварување високо ниво на медиумска писменост и способност за критичко мислење во граѓанскиот сектор.
	4.2 Постигнато високо ниво на толерантност на верска, социјална и етничка основа.
5. Информативен сектор	5.1 Воспоставување систем за стратешка комуникација, воден и координиран од Владата на Република Северна Македонија.
	5.2 Независен НВО и јавен радиодифузен сервис за ефикасна борба против лажни вести и дезинформации.
6. Инфраструктура	6.1 Обезбедување отпорен систем за цивилен транспорт

	- цивилна транспортна инфраструктура, отпорна и способна за справување со штети и ризици од природни закани, хибридни закани, сајбер-напади, епидемии/пандемии, последици од странска сопственост на истите, како и од ранливост поврзана со нови технологии, - градење сообраќајна, финансиска и енергетска инфраструктура која овозможува континуитет на ланецот за снабдување со стоки, финансиски средства и пренос на енергија, како и континуирана комуникација и навигација.
	6.2 Донесени законски регулативи, политики и механизми за: - идентификување, организирање, приоритизација и реквизиција на транспортни ресурси, инфраструктура, услуги и транспортни рути за поддршка на националните приоритети за време на криза, - овозможување премин преку државната граница за поддршка на слободата на движење на НАТО сили, преку единствена национална точка за контакт, поддржано од релевантни министерства, - регулирање на воено осигурување или алтернативни методи за поддршка на транспортни субјекти, во рок од 48 часови од влегување на НАТО сили во зона на операции, за да се регулира воздушен сообраќај во зони каде комерцијално осигурување на е достапно.
	6.3 Системи за информатичка технологија кои се отпорни, агилни и способни да ги извршуваат основните функции со минимални прекини што вклучуваат: - детален преглед на приоритетната, критична транспортна инфраструктура, - резервен систем, доколку има пречки во работата на основниот систем, - механизам за известување на НАТО во рок од два часа од нападот врз транспортниот систем и советување за влијание врз НАТО операциите, - безбедна комуникација меѓу авторитетите и донесувачите на одлуки со врска до операторите на критичната инфраструктура.
	6.4 Отпорност во системот за снабдување со енергија: - континуиран пристап до сигурни енергетски извори/снабдувачи во време

	на кризи, како и енергетска независност, - изградба на резервни опции и капацети во случај на прекин на енергетското снабдување, - поседување алатки за идентификување енергетски јазли и меѓузависности (прекугранични интерконектори, меѓусекторски и секторски), вклучувајќи ги договорите со приватни оператори кои посредуваат во справување со ризици поврзани со странски директни инвестиции/сопственост/контрола, - имплементација на процедури за споделување информации и подигнување на свеста за навремено и ефективно информирање на сите чинители кои учествуваат во колективната одбрана.
	6.5 Отпорен цивилен комуникациски систем: - обезбеден континуиран пристап до безбедни и сеопфатни комуникациски услуги за време на мир, криза и војна, земајќи ги предвид потенцијалните ризици кои произлегуваат од лица, сајбер-закани, хибридни закани и природни катастрофи, ранливости кои произлегуваат од странска сопственост на комуникациски системи, како и ранливости поврзани со нови технологии и технологии на иднината, - обезбедени широки, алтернативни способности за воспоставување комуникации во секакви услови, - обезбедени договори меѓу националните авторитети и цивилните комуникациски мрежи за добивање приоритетен пристап во случај на кризни ситуации, користејќи ги постоечките и нови технологии, - систем за ефективно и навремено споделување информации на национално и меѓународно ниво, со цел менаџирање на ризиците во системот на комуникации.

4. Начин за постигнување на ефектите и остварување на целта

Целта на Стратегијата ќе може да се постигне со користење на следниве три методи: детекција, одбивање и одговор. Република Северна Македонија за примарна цел ја има превенцијата од заканите.

4.1 Детекција на заканата

Клучен момент при справувањето со хибридни закани е детекцијата. Како начин за справување со хибридните закани, детекцијата подразбира поседување способност за добивање релевантни и навремени информации за потенцијалните намери на напаѓачот од сите области и носители.

Поради сложената природа на хибридните закани, носителите во сите области треба да развијат методи за рано препознавање. Во оваа смисла посебно значење имаат безбедносно-разузнавачките субјекти, пред сè, Националниот координативен соовет на разузнавачко-безбедносната заедница. Методот кој треба да се користи за успешно детектирање хибридни закани вклучува идентификување на критичните национални ранливости, поврзување на ранливостите со можни сценарија и претпоставки за целите и способностите на напаѓачот и определување индикатори за поврзување на ранливостите и мерките кои треба да се преземат за справување со хибридните закани. Институции, кои се примарно одговорни за детекција на хибридни закани се разузнавачко-безбедносните служби на Република Северна Македонија, и тие се должни да развијат ефикасен метод на собирање релевантни и навремени информации и детекција на хибридните закани. За практикување на овој метод потребно е користење експертиза и информации од сите субјекти на Власта, носители на одделните области. Создавањето и развивањето способност за детекција е приоритетна активност, бидејќи без детекција на заканата не е можно да се планира одговор за ефикасно спротивставување на истата.

4.2 Одбивање на заканата

Способноста за одбивање на заканата е метод насочен кон градењето отпорност, создавање капацитети да се поднесе стрес и способност за надминување на нанесените штети од заканите, како и способност за возвраќање на напаѓачот. Отпорноста е потребна, пред сè, во областите кои се таргетирани за хибриден напад, како: политиката, економијата, одбранбено-безбедносниот сектор, информативниот сектор, граѓанското општество и критичната инфраструктура. Способноста за неутрализирање на нападите подразбира поседување капацитети за менаџирање со ефектите од: напад со неконвенционални воени сили, терористички напади, напади на изборниот процес, напади врз финансискиот сектор, сајбер-напади, напади со ХБРН-оружје, информативни операциии, предизвикување насилен екстремизам и радикализација, како и поделби во општеството. Со поседување на овие способности ќе се намали негативниот ефект од евентуалните хибридни напади. Клучниот фактор за одбивање на хибридните закани е поседувањето способност да се казни напаѓачот. Тоа значи креирање инструменти за нанесување штета на субјектот кој користи хибридни методи, со цел неговите активности да бидат неисплатливи, бидејќи штетата би ја надминала добивката. Поседувањето таква способност би го одвратило потенцијалниот напаѓач од користење хибридни активности против Република Северна Македонија, бидејќи истите би биле неефективни. За создавање капацитет за одбивање, Република Северна Македонија ќе планира и ќе спроведува мерки и активности, користејќи севкупен владин пристап.

4.3 Одговор на заканата

Одговорот на хибридните закани значи постоење на ефективен процес за донесување одлуки на стратешко ниво. Одговорно тело за давање насоки, донесување заклучоци и предлагање мерки за одговор на хибридините закани, како закана за националната безбедност, е Советот за координација на разузнавачко-безбедносната заедница. Клучен фактор во овој процес е поседување кредибилна процена за состојбата и одредување ниво на толеранција на заканата, чие надминување би означувало дека земјата е предмет на напад со користење хибридни методи. Тоа побарува ефикасна меѓуинституционална комуникација и соработка, координација на разузнавачките служби и брз и ефикасен процес за донесување политички одлуки. Поседувањето кредибилни и навремени информации за хибридни закани против Република Северна Македонија ќе го помогне процесот на одлучување, како и процесот при активирање на механизмите за помош од ЕУ и колективниот систем за одбрана на НАТО. Како одговор на хибриден напад може да се

користат различни механизми, како економски санкции кон држави, компании и лица, протерување дипломати, информативни операции и други активности за неутрализирање на хибридните закани. Меѓутоа, суштински важно е одговорот да се моделира на начин кој нема да предизвика ескалација на заканата, туку ќе го примора напаѓачот да ги прекине хибридните активности поради нивна неефективност, бидејќи штетата која ќе ја трпи поради таквите активности ќе биде поголема од потенцијалната добивка.

5. Инструменти за остварување на целта

Носители во процесот на остварување на посакуваните цели поставени во оваа стратегија ќе бидат државните институции, кои ќе воспостават ефикасна соработка со релевантните чинители.

Градењето отпорност од хибридни закани е обврска на целото општество. Сите државни институции имаат улога, обврски и задачи во справувањето со овие закани, во рамките на своите надлежности. Дополнително, истите се упатени кон соработка со приватниот и граѓанскиот сектор. Клучен институционален субјект за функционирање на државата во случај на справување со хибридни закани е Владата, која ќе се подготви за континуирано и координирано делување, во состојба кога земјата ќе се соочи со хибридни закани.

Улогата, обврските и задачите на државните субјекти се детално образложени во Акцискиот план, кој е составен дел од оваа стратегија.

Реализацијата на целите од оваа стратегија ќе биде финансиски поддржана од буџетите на државните институции. Државните субјекти се упатени кон воспоставување соработка за користење дополнителна финансиска, експертска и институционална поддршка од ЕУ, НАТО и други меѓународни организации.

6. Одредување степен на имплементација на Стратегијата

Целта на одредувањето степен на реализација е да се утврди постигнатото во имплементацијата на Стратегијата, но и да се идентификуваат предизвиците и потребата за промени на Стратегијата, нејзино дополнување, како и потребата за промени во придружниот Акциски план.

За успешна реализација на Стратегијата и доследно спроведување на Акцискиот план, **Владата го одредува Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница,** кој на годишно ниво (прв квартал на годината), до Владата ќе доставува извештај за степенот на реализација на стратегијата и придружниот Акциски план. Носителите на одделните области, вклучително и Генералниот секретаријат на Владата и надлежните авторитети за стратегиска комуникација, се должни да доставуваат информации до Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, кои се однесуваат на улогата, целите и задачите во согласност со критериумите за евалуација содржани во Акцискиот план.

6.1. Предизвици за имплементација

- постигнување национален консензус меѓу политичките чинители во државата во насока на ефикасно донесување одлуки,
- потреба од унифицирано и повисоко ниво на свест и разбирање на државните институции во однос на нивната улога во градењето отпорност на хибридни закани,
- координирање на институционалните субјекти,
- воспоставување ефективен механизам за контрола на странските директни инвестиции,
- примена на нови технологии во одбранбено-безбедносниот систем, од аспект на експертиза и ресурси,
- подигнување на нивото на медиумска писменост,
- градење доверба меѓу јавниот и граѓанскиот сектор,
- дефинирање и заштита на критичната инфраструктура.

АНЕКС 1

АКЦИСКИ ПЛАН

за имплементација на Стратегијата за градење национална отпорност и справување со хибридни закани (2021-2025)

За успешна и навремена имплементација на Акцискиот план, за остварување на критериумите за евалуација се одредени носители, односно институции надлежни за имплементација на обврските и координација со останатите институции и служби наведени како соработници. Институциите кои се наведени како соработници се задолжени за реализација на обврските од нивниот домен и за соработка со сите чинители во областа.

Институциите одредени за носителите, да одредат одговорни лица за реализација на секоја задача за која се одредени и да достават контакт информации за лицата до Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, Работната група за градење отпорност од хибридни закани и ризици и институциите одредени да соработуваат за остварување на критериумите, до 29 октомври 2021 година.

Институциите одредени да соработуваат, да одредат одговорни лица за реализација за секој критериум и да достават контакт информации за истите до институциите одредени да бидат носители за конкретниот критериум.

Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница да одреди лице за надзор на реализација на Акцискиот план и да достави контакт информации до институциите носители од Акцискиот план на Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани.

Носителите да изработат планови за исполнување на критериумите, во координација со институциите одредени да соработуваат и да ги достават плановите до Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница и до Работната група за градење отпорност од хибридни закани и ризици, до 26 ноември 2021 година. За критериумите за кои како носител се одредени две и повеќе институции , планови за реализација да изработат првонаведените институции носители, а во тесна соработка со останатите институции одредени за носители.

Институциите носители, да доставуваат известувања за степенот на реализација на Акцискиот план, предизвици и предлози за нивно надминување еднаш годишно, до 30 декември. Првото известување да биде доставено до 30 декември 2021 година.

Работната група за градење отпорност од хибридни закани и ризици да одреди лица за експертска поддршка на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница и да достави податоци за истите до Советот до 26 ноември 2021.

Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, еднаш годишно, до 1 февруари, да доставува информација за степенот на имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за создавање отпорност и справување со хибридни закани до Владата на Република Северна Македонија.

Со успешна реализација на задачите и обврските од Акцискиот план, за период од 4 години, до крајот на 2025 година, ќе се воспостави ефикасен систем на цивилна отпорност и способност на општеството за справување со хибридни закани. Доколку се укаже потреба, Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница да иницира процес за ажурирање на Акцискиот план.

Област	**ПОЛИТИКА**			
Цел	**Континуитет на Владата и критичните владини служби**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Формализиран план за континуирана и координирана работа на Владата	**1.** Националниот план за континуитет на Владата (НПК) треба да вклучува: - Опис на суштинските национални функции, - Дефинирана линија на наследување и делегирање на овластувањата, - Обезбедување услови за исполнување на меѓународните обврски, вклучувајќи и учество во НАТО процесите, - Јасно објаснет процес за донесување одлуки/линија на командување во криза, - Јасен процес за активирање на НПК, - Координација на различни нивоа на власта и со воено-безбедносните авторитети, - Координација со операторите на критична инфраструктура, - Насоки за стратешки резерви, - Формализиран национален процес за процена на заканите во целиот спектар на внатрешни и надворешни природни закани и закани предизвикани од човечки фактор, вклучувајќи вооружени, сајбер и/или хибридни закани, природни катастрофи, пандемии и др. (донесување Национална безбедносна стратегија), - Одобрување од претседател на држава/ претседател на Влада, - Законски и оперативни регулативи кои овозможуваат континуирана работа на Владата и континуитет на нејзините активности.	Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија	МНР, МВР, МО, МЕ, МП, МОН, МК, МИОА, МТВ, МФ, МЗ, МТСП, МЗШВ, МЛС, МЖСПП, МПСГО, ЦУК, ДЗС, НБ, АР	2022

	2. Воспоставување систем за приоритетна комуникација помеѓу владините тела со Армијата, операторите на критични услуги и јавноста, како и одредување на национални точки за контакт. Системот за комуникација треба да е периодично тестиран, да се реализира обука за користење, како и негово унапредување. Истиот да може да биде дислоциран на алтернативна локација доколку примарната работна локација не може да се користи. Системот треба да се користи за рано предупредување, добивање процени за состојбата, известување на јавноста и на приватниот сектор. Воспоставување алтернативен извор на енергија.			
	3. План со јасни насоки за континуитет на службите и инфраструктурата, неопходни за функционирање на власта. Прецизна идентификација на организациите и процесите кои треба да обезбедат континуитет на неопходните услуги. Одредби за безбедни комуникации опторни на сајбер-напади.			
	4. Во услови на криза НПК треба да регулира процедури кои ќе овозможат барем националните лидери географски да бидат одделени еден од друг (претседателот на државата, претседателот на Владата и претседател на Собранието).			
	5. Периодично ревидирање на НПК, како и обука и вежби во согласност со истиот. Владата да има план за обука, вежби и тестирање на НПК, како и преглед на способностите на сите релевантни цивилни и воени носители. Обука, вежби и тестирање на меѓуинституционалната соработка и зависноста на критичната инфраструктура. Имплементација на научените лекции од обуката, вежбите и тестирањето за унапредување на плановите и способностите. Доставување периодични извештаи за ефикасноста на НПК до националното лидерство.			
Цел	**Национална структура за кризен менаџмент во поддршка на владините активности за време на криза**			

Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Центар за управување со криза за поддршка на континуитетот на основните владини функции	**1.** Приспособен закон за управување со кризи и други релевантни закони, со предвиден менаџмент во случај на хибридни закани.	ЦУК	МНР, МВР, МО, МЕ, МП, МОН, МК, МИОА, МТВ, МФ, МЗ, МТСП, МЗШВ, МЛС, МЖСПП, МПСОМЗ, ДЗС, АР	2023
	2. Центарот за управување со криза треба да биде дел од критичната национална инфраструктура и соодветно финансиран (основен и резервен персонал, опрема, снабдување со енергија, одржување). Соодветна заштита (како ХБРН, филтрација и вентилација) за персоналот и оперативниот систем (компјутерски сервери). Заштита од физички, сајбер и други закани. Безбедни комуникации и способност да одговори соодветно на дезинформации. Способност за автономно функционирање за период од 1 месец или до враќање во нормална состојба (самоодржлив капацитет кој може да обезбеди основни услуги како енергија, храна, вода, сместување и планирани резерви).			
	3. Воспоставување алтернативен капацитет (Центар) за управување со криза, доколку е потребно. Центрите да се географски разделени. Редовно тестирање на оперативните процедури на трансфер на надлежност од едниот на другиот центар.			

Цел	**Заштитен изборен процес**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Воспоставен безбеден изборен систем кој е клучен за демократијата	**1.** Воспоставување правна рамка преку усогласувањето на Изборниот законик со други релевантни закони преку сеопфатен и инклузивен преглед. Сеопфатен преглед на изборното законодавство во согласност со препораки на ОБСЕ/ОДИХР и на Венецијанската комисија. Зајакнување на внатрешни демократски процеси и подобрување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, заедно со почитување на препораките на Групата на држави против корупција (ГРЕКО). Државните институции и тела, особено Министерството за внатрешни работи и Државната изборна комисија, треба да направат натамошни напори за систематско ажурирање на избирачкиот список. **2.** Воспоставување на: - Систем за рано препознавање на дезинформации поврзани со изборниот процес, како и предупредување (пр. Платформата Resist Counter-desinformation toolkit 2018), - Стратешки комуникации, - Заштита на системите кои ги содржат податоците за избирачите и редовни контроли за да се обезбеди валидност на податоците, како и усогласеност со регулативата, - Континуитет преку воспоставување на методологија за справување со пад на системот, со цел работата да продолжи во случај на откажување на системот .	ДИК	Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, МВР, МП, МИОА	2022

Област	**ЕКОНОМИЈА**[1]			
Цел	**Контрола на странските директни инвестиции, со цел спречување на навлегување субверзивни елементи во државата преку економскиот систем**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Сеопфатен преглед на странски директни инвестиции во земјата, во секоја област	Прегледот треба да содржи: - Процедури за идентификување на странски директни инвестиции во критичните јазли и системи во снабдувањето со храна и вода, како и можни слабости поврзани со ваквата сопственост, - Процедури за идентификување на странски директни инвестиции во критичните енергетски системи, информатички системи и критичната инфраструктура и нивно потенцијално влијание врз отпорноста на општеството.	МЕ	Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, МФ, ЦР, УФР, СЕП	2022
Следење на директни странски инвестиции во критичните системи и инфраструктура	- Воспоставување на процедури за следење на директни странски инвестиции во критичните системи и инфраструктура, - Процедури за процена на ризик по безбедноста од значителна промена во сопственичката структура во земјата, со листа на фактори кои треба да се земат предвид (EU FDI Regulation, 2020), - Процедури за информирање на соодветните национални авторитети, вклучувајќи го и Министерството за одбрана (како носител на областа воени и безбедносни сили и капацитети), - Воспоставување на систем за алармирање при евентуална загрозеност и/или можно влијание на отпорноста на општеството во случај на закани и кризи, - Доставување податоци за доход од директни инвестиции по земји и географски зони и за директни инвестиции по географски зони до Евростат.	МЕ	Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, НБ, МФ, ЦР, УФР, МО, АР	2022

[1] Во Акцискиот план не се вклучени активности за борба против корупција, бидејќи истиот подразбира спроведување на Акцискиот план на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, планиран за спроведување во периодот 2021-2025 година

Поседување процена за ризици и ранливости во финансискиот сектор	1. Треба да постои процедура на ниво на МФ за изработка на процена на ранливостите во финансискиот сектор и ризици за истиот кои произлегуваат од: зголемена дигитализација на финансискиот сектор, задолженост на државата од банки со кои управува влада на друга држава, сопственост врз финансиски субјекти од странски компании од земји кои не се членки на ЕУ и НАТО, можности за санкции кон странски инвеститори од држави сојузници, трговски договори со други земји, субвенции од други држави кон компании кои делуваат во земјата, влијанието на проктот „Еден пат-еден појас“ и користењето дигитални валути 2. Да постои механизам, кој на основа на проценатa на ранливостите и научените лекции ќе продуцира предлог-решенија за подобрување на регулативите и механизмите за регулирање на странските директни инвестиции и за спречување на перење пари	МФ	НБ	2023

Област	**ВОЕНИ И БЕЗБЕДНОСНИ СИЛИ И КАПАЦИТЕТИ**			
Цел	**Способност за борба против нерегуларни вооружени сили**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Изградба на капацитети за борба против нерегуларни вооружени сили	Во плановите за обука на Армијата треба да биде вклучена обука и извежбување за нерегуларно војување на стратешко, оперативно и тактичко ниво во Армијата, во кои учествуваат и други релевантни државни субјекти. Обуката, извежбувањето и оценувањето на единиците на Армијата за борба против нерегуларни сили треба да се заснова на НАТО доктрини и стандарди. Единиците на Армијата треба да имаат формализирано важечки оперативни процедури на стратешко, оперативно и тактичко ниво, во кои се регулира нерегуларното војување. Во Армијата треба да се применува процес на евидентирање на научени лекции и истите се користат за корекции на важечките процедури Разузнавачко-безбедносната заедница во плановите за обука треба да вклучи содржини за нерегуларно војување, со фокус на улогата на истите во нерегуларна војна.	АРСМ, МО	МВР, АР, АНБ, МЛС, ЦУК	2022
Цел	**Способност за сајбер одбрана од комплексни сајбер-напади[2]**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Изградба на капацитети за сајбер-одбрана	Креиран национален план во кој е регулирана линијата на комуникација, координација и одговорен авторитет кој ќе ги води активностите за справување со сајбер-напади против државни институции и критична инфраструктура: - Планот треба редовно[3] да се извежбува и да се тестира, врз основа на научените лекции, земајќи ги предвид новите технологии и технологиите во почетна фаза на развој,	МО	МИОА, АЕК, ИСБДФ, НССБ, ФИТР,ВА, НБ, АРСМ,АР	2023

[2] Националната стратегија подразбира дека Република Северна Македонија ќе ги имплементира акциските планови на Стратегијата за сајбер-безбедност и Стратегијата за сајбер-одбрана

[3] Најмалку еднаш годишно

	- Планоттреба редовно да се ажурира, - Државните институции, одговорни за одбраната и безбедноста треба да имаат планови и договори со кои се обезбедува ангажирање сајбер- експерти, во случај на интензивни, обемни, долготрајни и комплексни сајбер-напади, - Државните субјекти и операторите со критична инфраструктура редовно да ги обновуваат[4] софтверите за сајбер- заштита и да ги тестираат информатичко-комуникациските системи, како и безбедноста[5] на електронските бази на податоци.			
Цел	**Способност за истовремено справување со неколку инциденти кои вклучуваат употреба на хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно (ХБРМ) оружје**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Изградба на капацитети за истовремено справување со неколку инциденти кои вклучуваат употреба на ХБРН оружје	Армијата, во соработка со релевантни национални институции, да поседува способност за детекција и идентификација на НХБР закани: - Армијата, во соработка со релевантни национални институции, треба да поседува способност за деконтаминација на простор и лица, - Ангажирањето на капацатитетите на Армијата, редовно да биде извежбувано, во соработка и координација со релевантни државни и приватни субјекти.	АРСМ, МО	ДЗС, ЦУК, МЗ, ДРС, МНР, Национално координативно тело за превенција, намалувањена ризиците и заштита од ХБРН	2022
Цел	**Воспоставување соработка со институциите на ЕУ и НАТО наменети за справување со хибридни закани**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Воспоставување соработка со институции на ЕУ и НАТО, наменети за справување со	Дефинира формална национална точка за контакт за комуникација со НАТО и ЕУ, за хибридни закани, која ќе биде авторизирана да доставува и да побарува информации во соработката со ЕУ и НАТО, во однос на хибридни закани. Воспоставени формални механизми за размена на информации и	МО, АРСМ	Генерален секретаријат на Владата на Република	2022

[4] Да ги надградуваат или заменуваат со нови
[5] Од физички и мрежен пристап

хибридни закани	можност за континуирана комуникација помеѓу релевантите државни субјекти со институции на ЕУ и НАТО кои се наменети за справување со хибридни закани.		Северна Македонија, МНР, МВР, МЕ, МПСОМЗ, ЦУК, ВА,АР	

Цел	**Справување со неконтролирано движење на луѓе**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Донесени национални планови за справување со брзо и масовно движење луѓе, кое опфаќа над 2% од популацијата на државата	**1.** Националните планови да содржат: - Реални планирачки претпоставки засновани на процена на ризици во различни сценарија - Легислатива за вклученоста на релевантните институции како и за употреба на транспортни капацитети во случај на движење на цивили и воени сили (идентификување на потребните транспортни капацитети), - Одредби за физичка безбедност, заштита на ранливи групи, храна, вода, психолошка заштита, образование, транспорт и места за згрижување, - Мерки и аранжмани за јавно здравје и итни услуги (соработка со меѓународни и невладини организации), - Одредби за ранливи лица, вклучувајќи идентификација, транспорт и посебни потреби, - Специфични одредби за јавно здравје, безбедност на набавка на вакцини, медицински средства и заштитна опрема за персонал, документирање и следење, - Одредени коридори за транспорт на луѓе и итни служби кои не го попречуваат движењето на воените сили, - Сеопфатна кризна комуникација и информирање, - Процедури за барање и добивање меѓународна помош, - Процедури за имплементација на мерките за кризен одговор на НАТО за неконтролирано движење на луѓе, - Регистрирање и следење на движењето на луѓето и релевантни мерки за заштита во согласност со меѓународното право.	ЦУК	МВР, МО, ДЗС, МТСП, МЗ, МОН	2022

	2. Планирање на воспоставување рестрикции на движењето на луѓе во посебни услови како природни катастрофи, пандемии, закани од НБХР или за поддршка на НАТО или национални воени потреби (за да не се попречи движењето на воените сили). Притоа, треба да се има предвид: - Примена на меѓународното право, - Информирање на јавноста за рестрикциите на движење, - Воспоставување исклучоци за специфични групи, критичен персонал (на пример, здравствени работници), - Создавање услови за враќање на странски државјани во нивните држави, - Да се превенираат социјални и економски последици од долготрајните рестрикции на движење.	ЦУК	МВР, МО, ДЗС, МТСП, МЗ, МОН, МНР	2022
	3. Воспоставување механизми за регулирање на истовремено движење на цивилно население и воени сили. Овие механизми треба да бидат вклучени во Концептот за поддршка , во соработка со НАТО. Механизамите треба да содржат и одредби за: - Приоритизација на транспортни рути и инфраструктура, како и капацитети за прием, стационирање и движење (Reception, Staging, Onward Movement - RSOM), - Национален план за евакуација во координација со НАТО воените авторитети, - Вклучување меѓународни и невладини организации,во согласност со потребите.	МО, АРСМ	ЦУК, МВР, МТВ, ЦУ	2022
Донесен план и извежбување за справување со движење на цивили долж рутата за транспорт на која се движат воени сили	Планот треба да содржи: - Национален план за справување за движење на луѓе, цивилно-воена соработка, како и улогата и обврските на клучните чинители (долж рутата по која се движат воени сили), - Научени лекции и корективни мерки за приспособливост кон реални ситуации.	МО, АРСМ	ЦУК, МВР, МТВ, ЦУ	2022

Цел	**Справување со масовни жртви**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Воспоставен интегриран систем за предупредување и известување кој ќе добива релевантни информации од НАТО, со цел да ја предупредува популацијата и кој ќе ги алармира националните провајдери на услуги и операторите на критичната инфраструктура	**1.** Обезбедување национална поврзаност со релевантни НАТО системи: - Националната поврзаност со релевантни НАТО системи е обезбедена преку соодветни класифицирани и некласифицирани системи, - Јасно се дефинирани улогите и одговорностите за воспоставување комуникација, предупредување и известување на националните и НАТО воените авторитети, - Поврзани се релевантните национални точки за контакт при вонредни ситуации и кризни ситуации, вклучително и безбедносните служби и службите за медицинска заштита. Постои координација во однос на активности иницирани преку НАТО системот за одговор на кризи, - Интегриран и хармонизиран процес кој обезбедува брза размена на информации меѓу релевантни државни авторитети и приватниот сектор, - Одобрена национална листа за побарувања на критични информации (со регулирана содржина, формат и фреквенција на доставување) и процесот на собирање на овие информации редовно да се извежбува, - Да постои размена на информации со релевантни организации. **2.** Дефинирани национални системи за предупредување, алармирање и информирање на популацијата, националните провајдери на услуги и оператори со критична инфраструктура: - Да се воспостави националниот систем за предупредување на Владата, субјектите одредени за брза реакција и јавноста, - Националниот систем за предупредување да е поврзан со цивилни и воени служби, - Да се идентификуваат потенцијалните пречки во работата на	ЦУК, МО,АРСМ	МВР, МЗ, ДБКИ, МНР, Национално координативно тело за превенција, намалувањена ризиците и заштита од ХБРН	2022

	системот, - Да постојат алтернативни системи и приоритети во шемата за комуникација (дигитална, аналогна и сателитска), - Донесен сеопфатен национален план со претходно дефинирани пораки во случај на настан во кој има значителен број жртви, кои се интегрирани во системот за предупредување (со планирани посебни пораки во случај на НБХР инциденти), - Системот да обезбедува брз пренос на пораки меѓу државните субјекти на национално и на локално ниво, вклучувајќи ги приватните медиуми, - Да постои мрежа за комуникација на субјектите кои први дејствуваат во справување со инцидент, во раните фази после инцидентот. Таквата мрежа треба да е контролирана на централно ниво и да ги вклучува сите субјекти кои учествуваат во раната фаза на инцидентот, вклучувајќи ги и болниците, - Системот за предупредување и алармирање треба редовно да биде тестиран, - Релеватните, структуирани пораки да се дефинирани, во согласност со најдобрите меѓународни практики за справување со сајбер-ризици за здравствените установи, - Системот да помине безбедносни проверки за утврдување на неговите потенцијални ранливости.			
Сеопфатна база на податоци за воени и цивилни медицински средства, капацитет за сместување пациенти, средства за колективна заштита, средства за транспорт на	**1.** Дефинирање на критични ресурси, вклучително и на квалитетот на нега, за справување со значителен број на жртви: - Одредени критичните ресурси потребни за справување со значителен број жртви, - Критичните ресурси да вклучуваат јавна и воена инфраструктура, како и медицински и спасувачки капацитети, - Критичните ресурси да вклучуваат клучни здравствени работници, потребни да ги поддржат основните функции, во случај на сериозно нарушување на достапноста на работна рака, како во случај на пандемија/епидемија, - Да се предвидува користење стандардизиран систем за тријажа - Силите кои први се ангажираат/одговараат на инцидент да се	ЦУК, МО,АРСМ	МВР, МЗ, АСР, ДЗЦ	2025

настрадани и способности за евакуација	обучени за тријажа, - Да се располага со ресурси за медицинска евакуација, - Да се предвидува користење на релевантни, воени и цивилни НХБР капацитети, - Болниците да се подготвени за менаџирање со значителен број жртви, - Да се одредени потребните специјалисти (вклучително и психолози), - Да е воспоставен механизам за следење и менаџирање на болничките капацитети за сместување жртви, - Да се располага со информации за капацитети на фармацевтски компании, расположиви количини на вакцини, крв и продукти заносвани на крв, капацитети за транспорт, расположиви волонтери, како и способности за идентификување на жртвите, - Редовно да се зановуваат информациите за ресурсите, - Да се дефинирани безбедносни мерки за осигурување за силите кои први реагираат на инцидент за да работат во безбедна средина и да располагаат со потребната опрема за заштита, како и да имаат опрема за деконтаминација, - Сите субјекти да располагаат со потребната, независна и интегрирана во системот за комуникации, преносна и мобилна опрема за комуникации, - Да се планирани капацитети за менаџирање на отпадот создаден од инцидентот и од активности поврзани со справување со инцидентот. **2.** Креирана листа за релевантни точки за контакт за размена и прием на информации: - Да се создаде листа на релевантни национални точки за контакт и редовно ажурирање на истата, - Да е одреден водечки авторитет, - Да се вклучени релевантните национални субјекти, клучни лица и функции, -Да се одредени субјектите кои делуваат во раната фаза на справување со инциденти, како и дополнителните сили кои може			

	да бидат ангажирани, - Листата да е сеопфатна и да ги покрива сите можни сценарија (НХБР, епидемии/пандемии, изгореници и труење).			
Сеопфатен цивилно-воен план за вонредни ситуации кој ги опфаќа релевантните услуги за итна помош, механизми за нагло зголемување на способностите, како и за редовно одржување вежби	**1.** Развиен интегриран, сеопфатен, цивилно-воен план за вонредни и кризни ситуации: - Планот да има вклучено справување со инцидент во кој има повеќе од 1000 жртви, - Да се вклучени сите фази во справување со вонредни ситуации: прва помош, механизами за транспорт, примарна болничка нега, форензички и погребални услуги, - Улогите и одговорностите кои се доделени да вклучуваат информации за потенцијални волонтерски услуги и организацијата на командување и контрола да се дефинирани, - Во планот да се изнесени квантитативните и квалитативните способности, - Во планот да се предвидени потребите на ранливите категории лица, - Да се одредени потенцијалните алтернативни објекти за употреба во кризни ситуации, - Да регулираат и да се одредуваат приоритети во случај да има повеќе барања за истите ресурси, - Да се воспоставува механизам за координација помеѓу релевантните цивилни и воени авторитети на сите нивоа, - Да се дефинираат зони на безбедност, - Да се дефинирани нивоата на ресурси за кои ќе биде потребна дополнителна помош, - Да се вклучени процедури за побарување асистенција од НАТО EADRCC, ООН, ЕУ медицински сили (EU European Medical Corps), СЗО и од невладини организации. Да се вклучени и соодветните обрасци за побарувања, - Да се дефинирани процедурите за справување со голем број загинати лица, - Релевантните актери да бидат вклучени во развивање на планот и истиот да е споделен со сите кои се вклучени во неговото	АРСМ, МО, ЦУК	МЗ, МВР, ДЗС	2022

	спроведување, - Планот редовно да се ажурира, вклучувајќи информации засновани на научени лекции и искуство, - Да постои врска меѓу националниот план и NATO Crises Response System, - Законските регулативи да овозможуваат преземање вонредни мерки, како и прогласување кризна состојба, со што ќе се овозможи побарување дополнителни ресурси, - Регулативите за подготовка за управување со кризна состојба да предвидуваат флексибилност во признавање на квалификации на медицинските работници. **2.** Развивање програма за тренинг и извежбување за тестирање на планови и процедури: - Да постои робусна и инклузивна програма за тренинг и извежбување, - Да се врши обука за прва помош со популацијата и истата да е инстуционализирана, - Да се врши тренинг со сите сили за одговор на инциденти и да постојат курсеви кои се реализираат преку интернет платформи. Психолошката поддршка да биде вклучена во обуката, - Да се остварува редовно одржување вежби, на сите нивоа, кои ги покриваат цивилно-воените аспекти, - Да се реализира обука и извежбување за различни аспекти на одговор на инциденти со масовен број жртви, - Планот за обука и извежбување да биде споделен со сите релевантни воени и цивилни субјекти, - Научените лекции да се процесуираат, да се споделуваат и по потреба да се прават корекции на планот, - Да се извежбуваат вонредни ситуации, билатерално и мултилатерално, со други земји.			
	Унапредување на националната безбедност во однос на договори за снабдување (стокови резерви): - Стоковите резерви да се соодветни на националните закани и	АСР	МО, ЦУК, МВР, МЗ, МЕ,	2024

Сеопфатен план за национална безбедност на медицински контрамерки, во кој се земени предвид ранливостите и предизвиците поврзани со снабдувањето	проценетите ранливости, земајќи предвид разни сценарија, како тероризам и епидемии, - Стоковите резерви да се засновани на договори со домашни производствени капацитети и со договорени резервни количини, - Стоковите резерви да одговараат на воените и цивилни побарувања, - Да постојат резерви кои обезбедуваат снабдување за период од најмалку еден месец, - Да е земено предвид влијанието на странските директни инвестиции во однос на безбедноста на снабдувањето, како и можните прекини на постоечките ланци на снабдување, - Да се земени предвид потребите за увоз на суровини за производство на фармацевтски продукти, - Да се идентификувани и да е планирано менаџирање со национални зависности, поврзани со ланецот на снабдување со медицински материјали, - Да се планира фонд за кризни состојби за компензирање или набавка на релевантни ресурси, - Да е регулиран менаџментот во административната структура, воспоставен за секоја набавка на ресурси релевантни за националната безбедност, менаџирани централно, преку владина агенција или преку приватниот сектор, - Да се обезбедени транспортни капацитети за навремена дистрибуција и реснабдување, - Да се направи процена за ризиците кои потекнуваат од сајбер-просторот за ланецот на снабдување, - Да се планира побарување на известување во случај на кусоци, на основа на редовни контроли, - Да се воспостави комуникација во случај на кризна состојба, поврзана со безбедноста на ланецот на снабдување и проценување на потенцијални дезинформации поврзани со истата, - Планот да вклучува давање насоки за граѓаните.		МТВ	

Цел	**Отпорност на ресурсите на храна и вода**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Воспоставен систем за мониторинг, детекција, тестирање и известување за контаминација на изворите и клучната инфраструктура за снабдување храна и вода	Преглед на клучната инфраструктура за храна и вода во поддршка на националната процена за ризици. Врз основа на проценатa за ризици треба да се донесат детални планови за надминување на сите ризици, во примена на различни сценарија. Детален процес за идентификација на заканите и ранливостите во секоја област и координација со релевантните разузнавачки служби.	ЦУК	АНБ, АР, МО, МЗШВ, АХВ, МВР	2024
Донесен сеопфатен план во кој се регулира снабдување преку алтернативни извори за храна и вода	**1.** Планот треба да содржи: - Безбедни аранжмани за достава на храна и вода во услови на криза, - Идентификувани чинители (јавни и приватни), - Клучни снабдувачи во секој сектор (65, 75 или 80%), како земјоделство, логистика, продажба, - Идентификувани лица за контакт за координација и поддршка од армијата, - Обезбедени безбедносни сертификати за клучниот персонал, вклучувајќи го и персоналот во приватниот сектор, - Релевантни аранжмани за мониторинг, рано предупредување и известување, - Систем за известување и размена на информации на национално и меѓународно ниво, - Квалификуван персонал за соодветна кризна комуникација со јавноста и другите чинители.	ЦУК	АНБ, АР, МО, МЗШВ, АХВ, МВР	2023

	2. Развој на сеопфатна програма за обука и вежби: - Периодично одржување на обука и вежби (годишно или на две години): - Вежби на различни нивоа со вклучена цивилно-воена соработка, - Имплементирање на научените лекции од вежбите за подобрување на системот, - Споделување на научените лекции (билатерално и мултилатерално), - Извежбување на различни сценарија, вклучувајќи го и менаџирањето со ланецот на снабдување, - Вклучување на релевантните авторитети во вежбите за кризен менаџмент (СМХ).			
Донесен сеопфатен план кој ги идентификува клучните функции и начини на одржување	Планот треба да содржи: - Клучни чинители и инфраструктура за производство, процесирање и дистрибуција на вода и храна, потребна за отпорност и цивилна подготвеност (идентификување на релевантните извори и критични јавни и приватни оператори), - Да се земе предвид зависноста од надворешни набавувачи за енергија, вода, транспорт, телекомуникации, пестициди, храна, - Да се обезбеди ланецот за набавка на храна и вода, - Процедури за детекција, мониторинг и одговор при закани за критичните делови од системот, - Процедури за идентификување на странски директни инвестиции во критичните јазли и системи, како и можни слабости поврзани со ваквата сопственост, - Да се земат предвид потенцијалните НАТО воени побарувања (како дел од поддршката од земјата домаќин за можен прилив на бегалци и други движења на населението), - Идентификација на критични фактори за поддршка на процесот за обезбедување на основна храна и вода во случај на закана, како пандемија, сајбер или хибриден напад и природни катастрофи, - Идентификација на лица за контакт на сите релевантни нивоа со	ЦУК	АНБ, АР, МО, МЗШВ, АХВ, МВР	2023

	право за донесување одлуки, - Јасна дефиниција на улогите и одговорностите на сите чинители и алокација на соодветни ресурси, - Последици и идна зависност од нови технологии како 5 Г , кои влијаат на производството на храна и вода, - Дефинирање на процесот за размена на информации, вклучувајќи и класифицирани информации, - Програма за подигнување на свеста и соодветно информирање на јавноста.			

Област	**ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО**			
Цел	**Остварување високо ниво на медиумска писменост и способност за критичко мислење во граѓанскиот сектор**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор[6]	**1.** Воспоставен континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанското општество, третирајќи го како рамноправен партнер и коректор на владините одлуки. Да се имплементира Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор и негов развој. **2.** Со цел остварување парламентарен надзор над работата на Владата и вклученост на граѓанското општество во работата на Собранието, работните тела треба да одржуваат надзорни и јавни расправи, како и седници за извештаите на регулаторните тела избрани од Собранието. Активностите на неформалните интерпартиски парламентарни групи формирани во Собранието со активно учество на претставници на граѓанското општество треба да продолжат. Препознавајќи ја значајната улога на граѓанските организации како партнери во дефинирањето на политиките поврзани со европската интеграција, Владата треба да обезбеди редовно консултирање и вклучување на граѓанските организации во сите фази на креирањето на политиките и подготовката на законите, вклучително и како членови на работни групи. Граѓанските организации треба да бидат редовно вклучени и во процесите на планирање, програмирање и следење на искористеноста на фондовите за претпристапна помош на Европската Унија. **3.** Воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти.	МПСОМЗ	Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Одделение за соработка со НВО на Генерален секретаријат на Влада, МОН, СЕП, МТСП	2022

[6] Во согласност со Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2020 година, https://sep.gov.mk/page/?id=1117#.YDirI7pFxdg

	Унапредување на законската регулатива со цел да се утврди транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти. **4.** Во образовните програми на сите задолжителни степени на образование треба да бидат вклучени содржини за препознавање на: методи за манипулација, дезинформации и лажни вести. Во создавањето платформи за подигнување на медиумска писменост и способност за критичко мислење треба да се користат нови технологии, достапни за користење од страна на граѓанскиот сектор.			
Цел	**Постигнато високо ниво на толерантност на верска, социјална и етничка основа**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Унапредување на меѓуетничките односи[7]	**1.** Имплементација на стратегијата „едно општество за сите“: - Активно спроведување на стратегијата и тесна соработка со засегнатите страни за воспоставување социјална кохезија, - Да се обезбеди почитување на правата на помалите немнозински заедници и да се реши нивната недоволна застапеност, - Имплементација на препораките од Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за национални малцинства, - Во образовниот процес треба да постојат интегрирани и соодветни содржини за индивидуалните човекови права и заштита на истите од дискриминација, - Во образовниот процес треба да се изучуваат содржини за сите етнички групи кои се наведени во Уставот, - Говорот на омраза во медиумите, на социјалните мрежи и во литературата, соодветно да се третира од националните авторитети.	МПСОМЗ	МТСП, МОН, СЕП, МО,МТСП	2023

[7] Во согласност со Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2020 година, https://sep.gov.mk/page/?id=1117#.YDirI7pFxdg

	2. Спроведувањето на политиките за инклузија на Ромите (Владата да го зголеми финансирањето на политиките за интеграција на Ромите).			

Област	**ИНФОРМАТИВЕН СЕКТОР**			
Цел	**Воспоставување систем за стратешка комуникација, воден и координиран од Владата на Република Северна Македонија**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Функционален систем за стратешка комуникација	Владата да биде носител, да дава насоки и да го координира системот. Системот да опфаќа точно идентификувани учесници, со јасно дефинирани улоги и обврски. Да се користат научените лекции на ЕУ и НАТО, како и најдобрите практики и меѓународни механизми за стратешка комуникација. Системот редовно да се користи и да се менува, во согласност со националните и ЕУ/НАТО научените лекции.	Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија	МО, МВР, МНР, СЕП	2022
Цел	**НВО и Јавниот радиодифузен сервис за ефикасна борба против лажни вести и дезинформации**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Ефективна борба против лажни вести и дезинформации	Јавниот радиодифузен сектор во својата програма континуирано треба да вклучува образовни содржини за препознавање лажни вести и дезинформации и создавање способност за критичко мислење, во соработка со МОН. Министерствата, во своите годишни планови и програми, треба да планираат соработка и поддршка на проекти на НВО кои се насочени против лажни вести и дезинформации. По потреба да се воспостават механизми за размена на класифицирани информации со приватниот сектор и НВО.	Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија	МОН, ДБКИ, МО, МВР, МНР, СЕП,АР	2023

Област	**ИНФРАСТРУКТУРА**			
Цел	**Обезбедување отпорен систем за цивилен транспорт**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Донесени законски регулативи, политики и мехинизми	**1.** Донесени законски регулативи, политики и механизми за: - Идентификување, организирање, приоритизација и реквизиција на транспортни ресурси, инфраструктура, услуги и транспортни рути за поддршка на националните приоритети за време на криза, - Овозможување на премин преку државна граница за поддршка на слобода на движење на НАТО сили преку единствена национална точка за контакт, поддржано од релевантни министерства, - Да се регулира воено осигурување, или алтернативни методи на поддршка на транспортни субјекти во рок од 48 часа од влегување на НАТО сили во зона на операции, за да се регулира воздушен сообраќај во зони каде комерцијално осигурување не е достапно. **2.** Идентификување и решавање на потенцијални недостатоци меѓу националната легислатива за премин на граници и побарувањата на НАТО за договорените временски рамки за премин на граници на НАТО сили : - Националната регулатива треба да вклучува посебни договори за разни модалитети и рути за цивилен и воен транспорт, кои ги вклучуваат сојузниците и земјите кои не се во НАТО , договори за транспорт на опрема и возила со големи димензии и тежина, транспорт на опасни материи, како и поедноставена процедура на царинските служби за поддршка на транспортот до крајната цел, - Националната регулатива да биде во согласност со НАТО побарувањата за премин на граници на цивилен транспорт за потреби на НАТО силите, - Република Северна Македонија да има способност да обезбеди	МНР	МВР, МО, АРСМ, ЦУ, МТВ, АЦВ, ЦУК	2024

	посебни транспортни коридори за приоритетен цивилен и воен транспорт. **3.** Воспоставена адекватна национална мрежа за меѓуресорска соработка, способна да одговори на цел дијапазон национални регулативи кои се релевантни за распоредување НАТО сили: - Механизми за меѓуресорска координација, за овозможување на непречено распоредување на НАТО сили при премин на државна граница и да се овозможи слобода на нивно движење на територија на земјата, - Да постои систем, кој работи непрекинато, за контрола на движење на НАТО силите, во и преку територија на земјата, - Да постои единствена национална точка за контакт која е воспоставена и која е овластена за надминување на предизвиците кои може да се појават при преминување на државната граница и брзо распоредување НАТО сили, - Предвидените мерки редовно да се тестираат и извежбуваат. **4.** Воспоставено осигурување од ризици кои произлегуваат од војна или воспоставување алтернативни начини за овозможување на делување на транспортери да оперираат во области каде нема комерцијално осигурување: - Да постојат регулативи/договори за добивање на осигурување или алтернативни средства за обесштетување на транспортери, - Регулативите се однесуваат на цивилни и државни транспортери кои да може да се активираат за не повеќе од 48 часа, - Предвидените мерки редовно да се тестираат и извежбуваат. **5.** Законска регулатива или стандарди за зајакнување на инфраструктурата за поддршка на способности за воено ангажирање и развивање оперативни протоколи за спречување или лимитирање на пристап до транспортни ресурси како дефанзивна мерка и нивно редовно тестирање и извежбување: - Да постојат планови за ажурирање на стандардите за дизајн и			

	конструкција за подобрување на отпорноста на транспортната инфраструктура, - Транспортните ресурси да се доволни за поддршка на воено ангажирање, - Да има протоколи за спречување или ограничување на пристап до транспорт, – Да е планирано обезбедување на континуирано снабдување со гориво, - Да има начини за давање приоритет на цивилен транспорт кој поддржува воено ангажирање, - Да постојат законски мерки за справување со криза, кои даваат приоритет за користење на транспортните ресурси и услуги при распоредување на НАТО сили или за други национални потреби поврзани со криза или национална безбедност. **6.** Воспоставен протокол за предупредување и известување на националните авторитети одговорни за транспорт, како и реализација на обука и вежби за воспоставените протоколи: - Да постои протокол за предупредување и известување за националниот транспорт, - Да е одреден одговорен државен авторитет, - Протоколите периодично да се тестираат и извежбуваат, - Вежбите кои се изведуваат на национално ниво да вклучуваат сценарија за обемни и долготрајни пречки во транспортот.			
Цивилната транспортна инфраструктура е отпорна и е способна за справување со штети од ризици поврзани со природни закани, хибридни и	**1.** Идентификување критична транспортна инфраструктура и развој на методи за различни нивоа на заштита на транспортна инфраструктура, со вклучување анализа на ефектите врз способноста на НАТО за реализирање операции: - Критичната транспортна инфраструктура и рутите за поддршка на националните приоритети, за време на криза, треба да бидат јасно идентификувани и истите да се наведени во листа/каталог на способности, - Да постојат резервни способности, вклучително и алтернативни транспортни модули,	МО, МЕ, АРСМ	МВР, ФИТР, ДБКИ	2022

сајбер- напади, епидемии/ пандемии, последици од странска сопственост на истите, како и од ранливостите поврзани со нови технологии	- Да постојат мерки за обезбедување физичка безбедност, на повеќе нивоа, во согласност со заканите, за да се обезбеди континуитет на активностите во случај на природни катастрофи, катастрофи предизвикани од лица, хибридни и сајбер закани и епидемии/пандемиии (овие мерки редовно треба да се извежбуваат и да се тестираат), - Да постојат договори за давање приоритет и менаџирање на состојба кога има меѓусебно спротивставени транспортни побарувања од цивилни и воени актери, - Да се идентификувани воените транспортни коридори, - Воените планери и цивилните транспортни провајдери да ги координираат плановите за распоредување. **2.** Воспоставена и одржувана листа на клучни субјекти (провајдери на транспорт и оператори со транспортна инфраструктура): - Да постои листа на клучни субјекти и селектираните субјекти да ги опфаќаат сите можни сценарија/ризици на разни модели на транспорт, - Редовно ажурирање на промените на клучен персонал и организации, - Да постои државен авторитет одговорен за обновување на листата на клучни субјекти, - Националните авторитети да ги имаат идентификувано клучните субјекти кои би биле вклучени во движење на НАТО сили и на кои им е потребен соодетен безбедносен сертификат. **3.** Подготовка за НАТО транспорт, како земја домаќин (Host Nation Support): - Обврските како земја домаќин, во областа на транспортот, да се јасно дефинирани, - Обврските како земја домаќин да се регулирани во технички договори (меморандум за разбирање), - Обврските како земја домаќин да ги вклучуваат одговорностите	МО	МТВ	2021

	на цивилните транспортери за потребите на НАТО силите.			
	4. Идентификувана цивилна транспортна технолошка инфраструктура која е од важност за НАТО и анализа на ефектите за можна интеракција со НАТО способноста за извршување операции: - Критичната транспортна технолошка инфраструктура, која е од важност за НАТО, треба да биде јасно дефинирана (Global System for Mobile communication, Supervisory Control and Data Acqusition и други), - Инфраструктурата да биде дизајнирана на начин кој ги зема предвид потенцијалните ранливости поврзани со нови технологии и технологии кои се во почетна фаза на развој. Плановите за менаџирање со ризици да бидат флексибилни, да предвидуваат повеќе нивоа на загрозеност и да се приспособливи кон истите, - Да постојат резервни способности, вклучувајќи и генератори за електрична енергија, - Сите системски способности да бидат тестирани и извежбани, - Да се усвојат стандарди за технолошка заштита на транспортната инфраструктура. **5.** Воспоставен механизам за известување на НАТО за напади на транспортни системи, кои може да влијаат врз операции на НАТО: - Да се воспоставени протоколи за известување на соодветното НАТО тело. Истите редовно да се тестираат.	МИОА	МО, МВР, ФИТР	2022
Системите на информатичка технологија се отпорни, агилни и способни да ги извршуваат основните функции со	**1.** Системите на информатичка технологија треба да вклучуваат: - Детален преглед на приоритетната критична транспортна инфраструктура, - Резервен систем, доколку има пречки во работата на основниот систем, - Механизам за известување на НАТО и обезбедување процена за влијание врз НАТО операциите, во рамки на два часа од нападот врз транспортниот систем	МИОА	МТВ, МВР, МО, ЦУ,АР	2023

минимални прекини	- Безбедна комуникација меѓу авторитетите и донесувачите на одлуки со врска до операторите на критична инфраструктура. **2.** Одржување национална, регионална и локална мапа на рути кои ги вклучуваат граничните премини: - Националните, регионални и локални мапи редовно да бидат ажурирани, за да се вклучат капацитетите и ограничувањата на транспортните рути, - Да постои систем на алтернативни рути и истиот редовно да се тестира, - Да постои систем за тековно мониторирање на сообраќајот, патување на товари и времето потребно за премин на граница, - Располагање и реквизиција, користење или отстранување од употреба на национални/странски транспортни ресурси, - Да се располага со ресурси или способност да се изврши реквизиција на транспортни ресурси, за потреба на вежби, операции или при прогласена вонредна состојба, - Да е планирано и можно располагање, реквизиција и користење на критична инфраструктура или способности кои се управувани или се во сопственост од страна на странски субјект, - Да постојат процедури и формални механизми за идентификување, евалуација и справување со потенцијални национални безбедносни ризици, кои произлегуваат од странска сопственост, странска контрола или странска директна инвестиција. **3.** Воспоставени протоколи/процедури за информатичка безбедност, која ја опфаќа сајбер-безбедност, како и ранливости кои произлегуваат од нови технологии или технологии кои се во почетна фаза на развој: - Заштитата од вируси, малвер и друг штетен софтвер, редовно да се одржува, - Периодично да се модернизираат (системите на информатичка технологија) за да ги применат и новите технологии,			

	- Да се воспоставени протоколи за тестирање на резервните системи, - Сите информатички системи и способности редовно да се тестираат.			
Градење сообраќајна и енергетска инфраструктура која овозможува континуитет на ланец за снабдување со стоки и пренос на енергија, како и континуирана комуникација и навигација	Обезбеден одржлив и отпорен ланец на снабдување, во рамки на транспортниот систем: - Државните транспортни ресурси да бидат способни да го одржуваат ланецот за снабдување на критичните сектори, без пречки, - Да постои национална стартегија за транспорт, која вклучува справување со проблеми кои произлегуваат од недостаток на работна рака, - Националниот транспортен систем да биде способен за справување со потенцијални недостатоци на ланецот за снабдување во снабдување со храна, вода и медицински ресурси, како и движење на клучна работна рака, како и да постои резервен план за овозможување на претходното, - Резервниот план треба да вклучува мерки за обезбедување на критичната транспортна инфраструктура за заштита од физички, сајбер и други закани, вклучувајќи пандемии/епидемии, - Меѓузависностите меѓу критичната инфраструктура да бидат тестирани и извежбани.	МТВ	МЕ, МО, АЕ, АЕК	2022
Цел	**Отпорност на системот за снабдување со енергија**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Континуиран пристап до сигурни енергетски извори во услови на криза, како и енергетска независност	План и процедури за обезбедување енергија штоги опфаќа сите релевантни чинители и вклучува детална процена за ризиците и заканите со: - Проценк на слабостите на критичната меѓузависност, - Персонална и физичка безбедност, како и неопходни законски и оперативни процедури, - Безбедност од сајбер и хибридни закани, - Потенцијално влијание на природични катастрофи и катастрофи од човечко влијание, како и пандемии,	МТВ	МЕ, АЕ, МВР, ЦУК, МО, НБ, АР, приватни оператори	2022

	- Потенцијално влијание врз воените сили и способности, - Потенцијално влијание врз критичните системи од странски директни инвестиции. Процедури за споделување на проценките за ризик со релевантни оператори. Да се воспостават национални аранжмани за јавно-приватна соработка (протоколи за размена на информации, за намалување на слабостите, како и за националните приоритети). Идентификација и приоритизација на критичните крајни корисници и нивните снабдувачи (вклучувајќи прекугранични опции). Скроени и тестирани мерки за итни ситуации, кои се соодветно финансиски поддржани. Идентификувани критични ланци на снабдување. Идентификуван критичен персонал, потребен за поддршка на основните функции во случај на недостаток на работна сила, како и за време на пандемии. Идентификување на резервни енергетски системи. Периодично унапредување на плановите за подготвеност , со цел усогласување со евентуално нови закани и ризици, земајќи ги предвид новите закани, вклучувајќи сајбер, хибридни, физички, воени и други закани. Мерки за заштита на критичната енергетска инфраструктура, вклучувајќи, сајбер, хибридни, физички и персонални и природни закани: - Потребна законска регулатива, - Мерки за обезбедување резерви на гориво и гас во услови на рестрикции, - Мерки за физичка безбедност, вклучувајќи можна воена заштита, - Способност за детектирање и одговор на евентуални сајбер напади врз критичната инфраструктура, - Механизми за комуникација меѓу власта и индустријата,			

	- Следење на странски директни инвестиции во критичните системи и инфраструктура.			
Изградба на резервни опции и капацитети во случај на прекин на енергетското снабдување	Планови за сегментација на мрежите и диверзификација на рутите за снабдување, снабдувачите и изворите на енергија. Диверзификација на опциите за складирање, транспорт и дистрибуција. Договори за алтернативни набавки и максимум резерви. Идентификација на работна сила потребна за функционирање на критичните енергетски услуги. Редовни обуки и вежби за услови на долги прекини, наменети за клучни јавни/приватни оператори, како и за Армијата. Планови за приоритизација на цивилни и воени енергетски потреби.	МТВ	МЕ, АЕ, МВР, ЦУК, МО, приватни оператори	2025
Поседување алатки за идентификување енергетски јазли и меѓузависности, вклучувајќи ги договорите со приватни оператори кои посредуваат во справување со ризици поврзани со странски директни инвестиции	Детална процена на прекуграничните и внатрешните извори на енергија и потребите за непречен ланец на снабдување. Детални планови за пристап до прекуграничните извори на енергија. Анализа и разбирање на влијанието на новите технологии, посебно на комуникациските системи и платформи.	МТВ	МЕ, АЕ, МВР, ЦУК, МО, НБ, ЗС, приватни оператори	2023
Имплементација на процедури за споделување информации и подигнување на свеста за	Изградба на процедури за информирање на соодветните НАТО тела за напад на енергетските системи кои можат да влијаат на НАТО операциите. Овие процедури треба редовно да бидат тестирани. Воспоставување на информациско-безбедносни протоколи. Тие треба да бидат редовно тестирани и надградувани (секои 2 до 3	МО, МИОА	МТВ, МЕ, АЕ, МВР, ЦУК, НБ, ЗС, СЕП, приватни	2023

навремено, ефективно информирање на сите чинители кои учествуваат во колективната одбрана	години). Воспоставување одговорно тело за процена на ризици и менаџирање на сајбер-безбедноста.		оператори	
Цел	**Отпорен цивилен комуникациски систем**			
Задача	Критериуми за евалуација	Одговорна институција	Соработува	Рок за реализација
Обезбеден континуиран пристап до безбедни и сеопфатни комуникациски услуги за време на мир, во криза и за време на војна, земајќи ги предвид потенцијалните ризици кои произлегуваат од различни закани	**1.** За приоритетните постоечки информатичко-компјутерски и телекомуникациски (ИКТ) мрежи, кои се критични за контуниуитет на власта и критичните услуги е потребно: - Воспоставена методологија која ги инволвира сите јавни и приватни субјекти во идентификување на критичните мрежи и услуги, која е доволно флексибилна за да ги земе предвид новите технологии и технологии кои се во фаза на почетен развој, како и ризиците кои произлегуваат од странска сопственост, инвестиции и контрола над ИКТ мрежите, - Националниот регулатор да одржува високо ниво на знаење за критичните мрежи, ИКТ системи и услуги (проритетни мрежи, системи и услуги, систем на координација меѓу јавниот и приватниот сектор, идентификувани меѓуресорски зависности, процени за влијанието на нови технологии во фаза на почетен развој). **2.** Клучните актери/субјекти имаат развиено и имплементирано планови за вонредни ситуации и имаат регулирано континуирано обезбедување на клучните мрежи и услуги: - Да постојат национални регулативи за изработка на процени за потребата на планирањето во кризна состојба, вклучувајќи го јавниот и приватен сектор, - Планот за вонредни ситуации да е поддржан со национална законска регулатива,	МИОА	АЕК, ЦУК, МВР, МО, НБ, приватни оператори	2023

	- Приватниот сектор, сопствениците и операторите на критични мрежи, информатички компјутерски и телекомуникациски системи и услуги, да користат методологија/стандарди за обезбедување континуирана работа и да поседуваат планови за работа во кризна состојба, - Плановите за менаџмент на ризик треба да бидат доволно флексибилни, приспособени за делување при повеќе нивоа на ризик и приспособливи во однос на новите технологии, - Планот за вонредни ситуации да вклучува мерки кои обезбедуваат критичните комуникации и критичната инфраструктура да бидат заштитена од физички, сајбер и други закани, - Планот за вонредни ситуации да ја зема предвид зависноста од ланецот на снабдување, поврзаност со снабдување од трети страни, - Планот да предвидува обезбедување средства за враќање во функција и враќање во нормална функционална состојба, - Да ги идентификува критичните профили на работна рака, потребна за поддршка на основните функции и да ги земе предвид мерките за континуирана работа и потребата за координација меѓу операторите и државните авторитети. **3.** Механизми за идентификување и справување со потенцијални ризици кои произлегуваат од странска сопственост, контрола на странските инвестиции во критични комуникациски системи, мрежи и услуги кои имаат потенцијални импликации врз националната или безбедноста на НАТО: - Државните институции да го земат предвид повлекувањето ресурси и/или странско влијание, сопственост, контрола или директни инвестицииво националните комуникациски мрежи, вклучувајќи го и ланецот на снабдување, како и истражувањата и развојот на нови технологии или технологии во почетна фаза на развој, - Да постојат формални процедури и механизми за			

	идентификување, оценување и справување со ризици за националната безбедност, кои произлегуваат од странска сопственост, контрола и директни инвестиции.			
Обезбедени широки, алтернативни способности кои овозможуваат воспоставување на комуникации во секакви услови	Воспоставување национална платформа со партиципација на владата и приватниот сектор за процена и координација на функционалноста на мрежата и да одржува потребно ниво на познавање на состојбата: - Државните авторитети да имаат воспоставено процес со кој систематски и навремено ќе се разменуваат информации, - Времето на доставување да овозможува ефективна координација, менаџирање со инциденти, истражување и добивање процена за ситуацијата, - Да се воспостави програма за обука и извежбување за тестирање и процена на националните способности и способностите на операторите за реставрирање на ИКТ мрежите, - Да има развиено програма за обука, извежбување и оценување, која ги вклучува сопствениците од приватниот сектор, операторите и субјектите кои даваат ИКТ услуги, за да се одредат перформансите на критичните ИКТ мрежи и услуги, - Програмата да вклучува меѓугранично тестирање и извежбување со соседните земји, - Да има систем за научени лекции преку кој се идентификуваат најдобрите практики, а потоа истите се дисеминираат и се инкорпорираат во постоечките процедури.	МИОА	АЕК, ЦУК, МВР, МО, приватни оператори	2023
Обезбедени договори меѓу националните авторитети и цивилните комуникациски мрежи за добивање приоритетен пристап во случај	Воспоставен и имплементиран национален план за давање приоритет во употреба на комуникациски мрежи според класа на корисник: - Националните авторитети треба да имаат постигнато договор за приоритетна листа,што вклучува клучни позиции и точки на контакт, која редовно се ажурира, - Планот да вклучува механизам за менаџирање во ситуации кога постои конфликт на побарувања меѓу Армијата и цивилни субјекти, - Да постои законска регулатива и финансиски договори кои	МИОА	АЕК, ЦУК, МВР, МО, приватни оператори	2023

на кризни ситуации, користејќи ги постоечките и нови технологии	обезбедуваат имплементација на планот од јавни и приватни оператори, - Планот да вклучува комуникација со јавноста и насочување на корисниците на ИКТ мрежи и приоритизација во случај на попречување или лимитирање на капацитетите на ИКТ мрежите и услугите, - Националниот систем за предупредување, известување и алармирање да биде создаден и за комуницирање со јавноста, заради превенција и лимитирање на инциденти во рана фаза.			
Систем за ефективно и навремено споделување информации на национално и меѓународно ниво, со цел менаџирање на ризици за системот на комуникации	**1.** Механизам за известување на соодветни НАТО тела за напади врз цивилни комуникациски системи, кои имаат влијание врз основните задачи на НАТО: - Да се воспостави механизам за известување на соодветните НАТО тела (со одреден национален авторитет одговорен за извршување на оваа задача), - Механизмот редовно да се тестира и да се утврдува дали ги задоволува потребите, како и да постои механизам за идентификување и решавање на потенцијални недостатоци. **2.** Робусни процедури за безбедност на информациите, кои ја опфаќаат и сајбер-безбедноста: - Да постојат безбедносни протоколи кои ги мониторираат механизмите, конфигурациите и процесите на системи и протоколи за електронска комуникација, - Да постојат безбедносни протоколи кои вклучуваат соодветни системи за заштита, која редовно се одржува (безбедносен софтвер, активни анализи на мрежата з самоучење, способност за детекција на напади и др.), - Да постои процес за добивање преглед и да се користат новите технологии или технологии кои се во почетна фаза на развој, при што ќе се земат предвид потенцијалните ризици и ранливости, - Да се располага со доволен број обучен и безбедносно проверен персонал, - Да се располага со способност за содветно и навремено	МИОА	АЕК, ЦУК, МВР, МО, СЕП, приватни оператори	2023

	обезбедување за безбедно чување на дупликат на дигиталните информациите и обновување на информациите во системите (доколку се изгуби пристап до истите), - Да се извежбувани и оценети процедурите за намалување на последици од закани, - Да постојат способности за одговор на сајбер-инциденти кои ја загрозуваат критичната инфраструктура, - Да постојат флексибилни про цедури за различни нивоа на загрозеност, кои се соодветни на еволуирачките закани, - Да постои механизам за комуникација меѓу Владата и ИКТ секторот. **3.** Идентификување и решавање на потенцијални недостатоци. Националната регулатива треба да одговара на побарувањата на НАТО, за договорените временски рамки за премин на граници на НАТО сили и истата да вклучува посебни договори за разни модалитети и рути за цивилен и воен транспорт (кои ги вклучуваат сојузниците и земјите кои не се во НАТО).			

Акроними

МНР – Министерство за надворешни работи

МО – Министерство за одбрана

МОН - Министерство за образование и наука

МВР – Министерство за внатрешни работи

МЕ – Министерство за економија

МП – Министерство за правда

МТВ – Министерство за транспорт и врски

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

МФ – Министерство за финансии

МЗ – Министерство за здравство

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

МК – Министерство за култура

МПСОМЗ – Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците

МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање

МЗШВ – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

МЛС – Министерство за локална самоуправа

МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација

АРСМ – Армија на Република Северна Македонија

АНБ – Агенција за национална безбедност

АР – Агенција за разузнавање

АЕ – Агенција за енергетика

АЕК – Агенција за електронски комуникации

АСР - Агенција за стокови резерви

АХВ – Агенција за храна и ветеринарство

АЦВ – Агенција за цивилно воздухопловство

ДБКИ - Дирекција за безбедност на класифицирани информации

ДРС - Дирекција за радијациона сигурност

ДЗС – Дирекција за заштита и спасување

ИСБДФ – Национален институт за сајбер-безбедност и дигитална форензика

НССБ – Национален совет за сајбер-безбедност

ФИТР – Фонд за иновации и технолошки развој

ЦУ – Царинска управа

ВА – Воена академија

НБ - Народна банка